Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 21/2021
Дата......14 -01- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Радовиш, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш.**

Површината на планскиот опфат изнесува 11,4 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y16720** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18) .

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), КО Воиславци и КО Сулдурци, Општина Радовиш, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Радовиш**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 32875 од 03.12.2020 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш.** Површината на планскиот опфат изнесува 11,4 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 21/2021 од 11.01.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk